Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **МВР** за сечење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 22 (дваесет и две) дрва (6 ореви, 5 чемпреси, 5 врби, 2 платани, 2 липи и 2 дудинки), што се наоѓаат на **бул. "В.С.Бато" бр.19 КП 877, КП 878 КП 879 КО Кисела Вода 2 – Скопје.**
2. Сечењето на дрвата да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обрзува барателот , во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 22(дваесет и две) дрва, постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**МВР, ул. "Димче Мирчев" бр.9 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/468** од **30.06.2023** година, за сечење на дрвата што се наоѓаат на **бул. "В.С.Бато" бр.19 КП 877 КП 878 КП 879 КО Кисела Вода 2 – Скопје.**

Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата пречат при изведба на градежни работи, односно изградба на нова полициска станица, и не постојат услови за пресадување на дрвата.Исто така барателот располага со правосилно одобрение за градба Бр.27 Уп.-75/2021 од 26.08.2021 год., издадено од Министерство за транспорт и врски.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти на јавни институции (образовни, здравствени, социјални,културни, државни, верски и други) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение.

Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека поради состојба во која се наоѓаат дрвата не постојат услови за пресадување на дрвата, односно дека дрвата треба да се исечат при што на барателот му е наметнато компензационо садење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/468/2**
**04.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **МВР,** за пресадување на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување ( корнење и повторно садење ) на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 32 (триесет и две) дрва (13 јасени, 7 туји,4 багреми, 4 чемпреси и 4 грмушки ), што се наоѓаат на **бул. "В.С.Бато" бр.19 на КП 877, КП 878, КП 879 КО Кисела Вода 2 – Скопје**, во рок од 30 дена од правосилноста на ова решение.
2. Пресадувањето на дрвата треба да го организира барателот под надзор на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.
3. Пресадувањето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се задолжува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, да изготви записник за сите дејствиа предвидени во точка 1 од ова решение.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**МВР, ул."Димче Мирчев" бр.9 - Скопје**,поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/468** од **30.06.2023** година, за пресадување на дрвата што се наоѓаат на **бул. "В.С.Бато" бр.19 на КП 877, КП 878, КП879 КО Кисела Вода 2 –Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека, дрвата предмет на барањето пречат при изведба на градежни работи односно изградба на нова полициска станица согласно Правосилно Одобрение за градба Бр.27 Уп.-75/2021 од 28.06.2023 год. издадено од Министерство за транспорт и врски.
Согласно член 10, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти на јавни институции (образовни, здравствени, социјални,културни, државни, верски и други) се сметаат за тип на останато зеленило.
Во член 14 од истиот закон стои дека подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение.

Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило дека барателот располага со правосилно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи

ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот за урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој огран има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) во соработка и под надзор на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

Бидејќи, во случајот не се врши сечење на зеленилото не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензационо садење.

Поради се горе наведеното овој орган има одлучено како во диспозитивот.

.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/468/3**
**04.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по барање на МВР,Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинива одложното дејствие на жалбата на решенијата со бр.14-6/468/2 и 14-6/468/3, од 04.07. 2023 год. донесено од градоначалникот на град Скопје.
2.Решенијата со бр. 14-6/468/2 и 14-6/468/3 од 04.07. 2023 год., донесено од градоначалникот на град Скопје може да се реализираат веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барање на МВР, овој орган, има донесено решенија бр. 14-6/468/2 и 14-6/468/3, од 04.07. 2023 год. Со истите е утврдено дека 22 (дваесет и две )дрва треба да се исечат и 32 (триесет и две дрва) треба да се пресадат бидејќи пречат при изведба на градежни работи.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека дрвата пречат при изведба на градежни работи, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот,

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-6/468/4**
**04.07.2023** година
Скопје
**Доставено до:Барателот, Архива**

Изработил:
**Игор Трпковски**

______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

______________